Universal
UNIVERSAL CORPORATION

# Политика за животна средина на корпорацијата Универзал

Универзал има фундаментална одговорност кон другите релевантни засегнати страни да постигне високи стандарди на еколошки перформанси за го поддржи одржливото делување. Разбирањето на нашите глобални ризици и можности во однос животната средина е клучно за исполнување на обврските кон заедниците во кои работиме. Универзал препознава три примарни еколошки ризици во нашата глобална еколошка стапка: користењето на водата, создавањето отпад и емисијата на гасови со ефект на стаклена бавча. Ги идентификувавме овие примарни ризици за животната средина преку преглед во кој учествуваа засегнатите страни, за да ги разбереме нашите клучни влијанија врз животната средина.

За да ги почитуваме нашите деловни обврски и обврските кон другите релевантни засегнати страни, Универзал ќе ги почитува сите закони и прописи кои се однесуваат на животната средина во локациите во кои работиме. Усогласеноста со законите за животната средина претставува камен темелник за да се биде и да се остане одговорен корпоративен граѓанин. Во светот се донесени бројни закони и регулативи од областа на животната средина кои се однесуваат на заштитата на животната средина преку намалување, елиминирање или ограничување на емисијата или на испуштањето опасни материи или загадувачи во воздухот, водата и почвата, како и за решавање на влијанијата од климатските промени. Политиката на Универзал е да се придржува кон сите важечки закони и прописи кои се однесуваат на животната средина.

Универзал ќе продолжи да ги следи и да се справува одржливо и одговорно со своите идентификувани влијанија врз животната средина. Ќе продолжиме да управуваме со водата на одржлив и одговорен начин. Ќе продолжиме да го намалуваме отпадот и повторно да го користиме или рециклираме кога тоа е оперативно изводливо. Ќе продолжиме да ја подобруваме ефикасноста и ќе работиме кон користење на обновливи горива во нашите работни процеси и во ланецот на снабдување. Конечно, исто така ќе промовираме пошумување и употреба на дрво од одржливи извори во нашите работни процеси и во нашиот ланец на снабдување. Овие активности ќе бидат дел од нашите напори за справување со климатските промени и менаџирање на нашите ризици од климатските промени.

За да продолжиме да постигнуваме високи стандарди во однос на еколошките перформанси, Универзал ќе ангажира различни засегнати страни и континуирано ќе ги преиспитува своите работни процеси. Ќе продолжиме да ги проценуваме нашите влијанија и ќе ги имплементираме најдобрите практики за управување на локациите на кои работиме. Исто така, ќе ја подигнеме

свеста на вработените во врска со овие влијанија врз животната средина и ќе ја имплементираме оваа политика со нашите добавувачи.

Поради нашите различни работни средини, нашите локални тимови ќе развијат политики и програми соодветни за локалната работна средина, ќе посветат организациски ресурси и ќе ја едуцираат нашата работна сила да се придржува кон важечките закони, кон кодексот на однесување на Универзал и другите политики за усогласеност, како и кон оваа Политика за животната средина. Оваа политика редовно ќе се следи од страна на Комитетот за номинирање и корпоративно управување на корпорацијата Универзал и по потреба ќе се менува.